


21 TV HD
MACEDONIA

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ

**23 НОЕМВРИ - 18 ДЕКЕМВРИ 2015**

**5 и 6. ТВ 21 ( на ал бански и на м акед онски)**

***„Lajme“ и „Вести“***

Во известувачкиот периоод од 23 ноември до 18 декември 2015 г. Вестите на ТВ 21 на албански и на македонски се речиси идентични, односно се преведени на двата јазика. Тие имаат ист број објави, по 209 прилози кои се однесуваат на политичките актери. Најмногу внимание месецов телевизијата им посвети ***(1)*** Анкетна комисија за аферата со прислушувањето (20 прилози), ***(2)*** Судските случаи за Кумановските настани и за убиствата кај Смилковско езеро (13 прилози), ***(3)*** Преговорите за медиумите (10 прилози), ***(4)*** Загадувањето во Тетово и во Скопје (10 приллози), **(5)** Новите проекти на Владата на РМ (8 прилози), **(6)** Комплетирањето на составот на Државната изборна комисија (7 прилози)***, (7)*** Аферата со лажни лични карти (6 прилози)**,** ***(8)*** Ветото за домашното задолжување (3 прилози). Не се забележани фаворизирачки дискурси кон некоја од политичките партии. Не се забележани ниту демонизирачки дискурси.

Коментари и оценк и во вес тите : Оваа телевизија не практикува да емитува експлицитни коментари или неаргументирани оценки во вестите. Исто така не се забележани така наречени хибридни жанрови какви што се на пример анализите/коментари или коментарите во најавите за прилозите. Политичките настани се покриваат со извештаи и вести. Следствено на ова, во ТВ21 не се забележува ниту изразена позитивна фаворизирачка линија, ниту пак изразена едмонизирачка. Она што е карактеристично за телевизијата е сепак воочливото отсуство на истражувачко и критичко новинарство. Иако во листата на теми кои се покриени се наоѓаат и граѓански теми како загадувањето на воздухот или на пример, социолошки теми како „Арсовски: општеството е опседнато со политика“ (5 декември), сепак недостасуваат продлабочени новинарски обработки на темите. Многу често се сретнуваат прилози во кои новинарот само ги претставува различните гледишта без да даде посериозна контекстуализација на кажаното и токму поради ова во информативната програма во известувачкиот период беа препознаени 16 прилози кои може да се сметаат за фаворизирачки за некој од субјектите. Ова не е системски туку инцидентен проблем во оваа телевизија.

Генералните најави, најавите на прилозите и самите новинарски извештаи не содржат експлицитни оценки од новинарите, ниту во правец на демонизирање, ниту пак на фаворизирање на одреден субјект. Анализите се со аргументирана критика, преку користење повеќе извори: (5 декември) „Дали Македонија е во предизборна кампања. Арсовски: општеството е опседнато со политика“, (5 декември) „Заев поинформиран од Груевски. Информациите за кумановските настани „доверливи“).

Користење на изворите: Генерално се повикуваат на повеќе извори и водат сметка да имаат застапени спротивставени извори. Од политичките партии речиси подеднакво се присутни сите поголеми партии: ДУИ, ВМРО, СДСМ и ДПА. Телевизијата главно се држи до тоа да користи извори од засегнатите страни, иако може да се забележат и прилози направени само врз основа на тврдењата на едната страна. Извештаите, вестите и другите прилози се повикуваат на информации доминантно добиени од официјалните институции, а како основа за известување се користат и изјави, прес- конференции и партиски соопштенија. Разликата во однос на изворите се забележува во изборот на соговорници од албанскиот етникум, и функционери (министрите за економија и за животна средина, Народниот правобранител) и политичари од албанскиот блок (ДУИ и Беса).

Дирек тни обраќ ањ а: Емитувањето директни обраќања зависи од конкретните теми што се во фокусот на известувањето. Но, главно, телевизијата настојува да ги емитува изјавите на сите релевантни политички субјекти и на нивните лидери. Во 82 прилога има директен говор на претставници на ВМРО-ДПМНЕ, во 76 прилози СДСМ а ДУИ во 61 прилог. И според фрекфентноста и според начинот на врамување директните обраќања во вестите во известувачкиот период на ТВ 21 и на македонски и на албански јазик тие се избалансирани.

Аудиовиз уелна презентација : ТВ 21 во анализираниот период нема објавувано прилози во кои визуелна презентација се користи на манипулативен начин.

**Емисии**

Овој извештај ги опфаќа само емисиите емитувани во првата половина на декември: 1-14 декември. Во известувачкиот период беше анализирана емисијата *„Клик“*. Во ниту едно од набљудуваните изданија во наведениот период не се забележани фаворизирање или напаѓање односно позитивни или негативни врамувања на политички субјекти, неетичко однесување, непристоен говор и говор на омраза од страна на водителите на емисиите и нивните гости.